# Дневна хемеротека за *07.12.2015г.*

## МИА - *Министерот Изаири на конференција за климатски промени во Париз*

ПОНЕДЕЛНИК, 07 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:26:03

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

**Министерот Изаири на конференција за климатски промени во Париз**

Препорачај 0

понеделник, 07 декември 2015 07:02



**Скопје, 7 декември 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска и утре во Париз каде ќе учествува во министерскиот дел на Конференцијата на страните во Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (COP 21).

Во рамки на овој сегмент од светскиот Самит за клима, како што соопшти Министерството за животна средина и просторно планирање, се очекува дефинирање на финална верзија на документот со кој би се определиле обврските на државите по 2020 година во однос на намалувањето на емисиите на $CO_2$. **паг/цр/07:01**

## 24 Вести - *Министерот Изаири на конференција за климатски промени во Париз*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска и утре ќе престојува во Париз каде што ќе учествува во министерскиот дел конвенција на обединетите нации за климатски промени.

## Lider - *Министерот Изаири на конференција за климатски промени во Париз*

и просторно планирање Нурхан Изаири денеска и утре во Париз каде ќе учествува во министерскиот дел на Конференцијата на страните во Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (COP 21).

## Канал5 - *Министерот Изаири на конференција за климатски промени во Париз*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска и утре во Париз каде ќе учествува во министерскиот дел на Конференцијата на страните во Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (COP 21).

## Tetova Sot - [Ministri Izrairi në konferencën për ndryshimet klimatike në Paris]

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Ministri Izrairi në konferencën për ndryshimet klimatike në Paris



07/12/2015

Ministri i Mjedisit të Jetesës dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi sot dhe nesër në Paris do të marrë pjesë në pjesën ministrore të Konferencës së palëve të Konventës Kornizë të Kombeve të Bashkuara për ndryshimet klimatike (COP 21).

Në kuadër të këtij segmenti nga Samiti Botëror mbi klimën, siç kumtoi Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, pritet të përcaktohet versioni përfundimtar i dokumentit me të cilin do të zgjidhen detyrimet e shteteve pas vitit 2020 në aspektin e reduktimit të emitimit të $CO_2$.

## Zhurnal - Nuran Izairi në Paris do të tregojë se sa njerëz në ditë helmohen nga "Jugohromi"

ZHURNAL®
Agjenci e Lajmeve

# Nuran Izairi në Paris do të tregojë se sa njerëz në ditë helmohen nga "Jugohromi"

Publikuar 07.12.2015 në 08:51 nga D.R. | 1,375 i lexuar

**Shkup, 7 dhjetor** – Nga vendlindja e tij me ajër të ndotur përtej maksimales, qyteti i Tetovës, ministri i Mjedisit të Jetesës dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi sot do të niset drejt Parisit për marrë pjesë në pjesën ministrore të Konferencës së palëve të Konventës Kornizë të Kombeve të Bashkuara për ndryshimet klimatike (COP 21).

Në kuadër të këtij segmenti nga Samiti Botëror mbi klimën, siç kumtoi Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, pritet të përcaktohet versioni përfundimtar i dokumentit me të cilin do të zgjidhen detyrimet e shteteve pas vitit 2020 në aspektin e reduktimit të emitimit të $CO_2$.

Parashtrohet pyetja nëse në këtë konferencë ministri Izairi do të flas edhe për ndotjen e ajrit në qytetin e tij të lindjes, Tetovën. Pasi Tetova vazhdon të qëndron në krye të listës për sa i përket qytetit më të ndotur në Planetin tokë, trajtimi i këtij fenomeni vrastar do të ishte temë e dobishme për ministrat pjesëmarrës në konferencën e palëve të Konventës Kornizë të Kombeve të Bashkuara për ndryshimet klimatike.

Nëse jo për diçka tjetër, do të ishte një shembull eklatant për ministrat e shteteve pjesëmarrëse në konferencë, se si nuk duhet të lejohet të krijohet në gjendje e tillë alarmante në një vendbanim ku jetojnë njerëz dhe ku për çdo ditë ndotja e ajrit po merr haraçin e shëndetit të tetovarëve", njofton Zhurnal.

Për shkak të gjendjes së krijuar me Tetovën e ndotur përtej parametrave të lejuara, ministri Iziari disa herë është gjendur për para pozitës, të jetë apo të mos jetë ministër, nga fakti se kjo katrahurë e ndotjes së ajrit ndodh pikërisht në qytetin e tij të lindjes. Nga ai, disa herë është kërkuar të tërhiqet nga ky post për shkaqe morale. Edhe partia "Uniteti" kërkoi dorëheqjen e ministrit të ekologjisë Nurhan Izairi dhe apeloi te qeveria të respektojë ligjin dhe të mbyllë menjëher fabriken e "Jugohrom"-it. Por, apelat e tilla, siç duket, nuk e mërzistin ministrin Izairi", transmeton Zhurnal.



# ART - Jugohoimi: së shpejti ose Mbyllet, ose…

Ballina › Vendi › JUGOHROMI: SË SHPEJTI OSE MBYLLET, OSE…!

VENDI

## JUGOHROMI: SË SHPEJTI OSE MBYLLET, OSE…!



**Partitë maqedonase, VMRO-DPME dhe LSDM, edhe në fundjavë kanë vazhduar kundërakuzat se kush çka bën, kush është fajtor për ndotjen e mjedisit – këtë të dielë kur matjet nxjerrin Tetovën e Shkupin si qytete ku ndotja e ajrit është jo një, jo dy, po dhjetë herë më e lartë nga e lejuara.**

Partia në pushtet flet për investime, për hartim të strategjisë për mbrojtjen e mjedisit dhe të shëndetit, por nuk ka përgjigje për akuzat e opozitës së deridjeshme socialdemokrate se pasojat e ajrit të ndotur janë të rrezikshe për shëndetin dhe në vend se të shpenzoheshin miliona euro për përmendore e reklama do të ishte më mirë që të parandalohej përqindja e lartë e thërmive kancerogjene në ajër.

Për fushëgropën e Tetovës një ndër ndodtësit kryesor tash sa kohë emërtohet kombinati i Jugohromit. Çështja në fjalë duket se po shndërrohet në mollë sherri jo vetëm mes qytetarëve, organizatave mjedisore, të kësaj ane edhe mes vet partnerëve qeveritarë – VMRO-DPMNE-së dhe Bashkimit Demokratik për Integrim. Sikundër dihet, qëndrimi i ministrit të mjedisit,Nurhan Izairi, që vjen nga kjo parti shqiptare, është mbyllja e kapaciteteve prodhuese të Jugohromit deri në plotësimin e standardve për mbrojtjen e mjedisit, respektivisht mods-ndotjen e ajrit. Fakti që ndërmarrja nga Jegunovci deri tash nuk ka bërë asgjë në modernizimin e kapaciteve të veta, duket po shkon në favor të një zgjidhjeje – qoftë ajo edhe e përkohshme: për mbylljen e Jugohromit.

Përkundër përpjekjeve të zëvendëskryeministrit Antonio Peshevski se Kombinati nuk na qenka gjithaq ndotës, madje jo edhe kryesori, Televizioni Art mëson se ditëve në vazhdim çështjes do t'i vëhet pikë, madje në nivel të lartë politikë të të dy partnerëve qeverisës.

Në të njëjtën kohë, duket se edhe pronarët e huaj të Jugohromit po binden se projektin duhet ta vendosin mbi këmbë të shëndosha, për shkak se edhe pse mund të jetë shpaguar deri tani, vështirë se do t'ia dilte të sigurojë ndonjë blerës potencial – për të marrë një ndërmarrja e cila ashiqare ka probleme me atë që quhet leje e punës.

Jugohromi nuk është ndotësi i vetëm, për këtë duhet menduar, pse jo edhe vepruar, që tani. Madje si në nivel institucional, ashtu dhe shoqëror. Mjedisi i pastër është me interes për të gjithë, apo jo?/TvArt/

# +инфо - Go Green дел од Самитот за климатски промени на ОН во Париз

+ИНФО®
www.plusinfo.mk




## Go Green дел од Самитот за климатски промени на ОН во Париз

Објавено во 19:52 06 декември 2015 | Прочитано 106 | Печати

Share 0 Tweet

Go Green, здружението за заштита на животната средина, беше единствениот претставник од балканските земји на младинската конференција за климатски промени (COY11) во Париз, а со свои претставници е присутно и на Самитот за климатски промени на Обединетите Нации (COP21) исто во Париз.

Младинската конференција, каде присуствуваа околу 5000 млади од 118 земји, претставува платформа на младите за подобро разбирање на процесот на преговори за климатските промени. На Самитот за климатски промени на Обединетите Нации (COP21), кој во тек, претставниците на Go Green преговараат со своите барања за правно обврзувачки договор.

Генералниот младински секретар на ОН, Г-дин Ахмадад Алвендави (Ahmadad Alwendawi) ја отвори младинската конференција нагласувајќи ја улогата на младите: „Гласот на младите луѓе ќе биде слушнат. Јас ве повикувам да продолжите да се борите бидејќи е време да ве слушнат властите. Ние сме генерацијата која ќе ја заврши таа работа“. Конференцијата продолжи со „Декларацијата за човечките права“ каде беа презентирани принципите, правата и обврските кон човештвото. Основните принципи на декларацијата се интергенерациска одговорност, еднаквост и солидарност и таа ги потенцира правата за универзален и лесно достапен пристап до основните ресурси за живот.

За време на конференцијата беше потенциран и проблемот со мигрантите како резултат на климатските промени. 26 милиони луѓе годишно мигрираат во своите земји или во друга земја поради поплави, суши, пожари, торнада и останати последици од климатските промени. Најголемиот дел од нив се селат внатрешно во нивните земји со таканаречени „програми за преселба“ на нивните влади, но предизвикот се појавува кога доаѓа момент на меѓународни спогодби и програми за преку гранична миграција. Оваа тема ќе биде посебно адресирана на меѓународните средби за климатски промени во Париз. Дополнително, за време на тридневната младинска конференција беа адресирани и многу други теми преку работилници како „Поврзување помеѓу духовноста и животната средина“, „Промена преку уметност“, „Светло од отпад“.

Претставниците на Go Green, како единствени учесници од Балканот на COY11, беа интервјуирани од страна на National Geographic channel и од француските медиуми со цел адресирање на проблемите со кои се соочува балканскиот регион поради климатските промени. Исто така, претставници на иницијативата за проширување на Go Green во Хрватска се приклучија на настанот, па истовремено се одржаа и стратешки состаноци за развој на меѓународна младинска мрежа за заштита на животната средина.

За време на конференцијата беше потенциран и проблемот со мигрантите како резултат на климатските промени. 26 милиони луѓе годишно мигрираат во своите земји или во друга земја поради поплави, суши, пожари, торнада и останати последици од климатските промени. Најголемиот дел од нив се селат внатрешно во нивните земји со таканаречени „програми за преселба“ на нивните влади, но предизвикот се појавува кога доаѓа момент на меѓународни спогодби и програми за преку гранична миграција. Оваа тема ќе биде посебно адресирана на меѓународните средби за климатски промени во Париз. Дополнително, за време на тридневната младинска конференција беа адресирани и многу други теми преку работилници како „Поврзување помеѓу духовноста и животната средина”, „Промена преку уметност”, „Светло од отпад”.

Претставниците на Go Green, како единствени учесници од Балканот на COY11, беа интервјуирани од страна на National Geographic channel и од француските медиуми со цел адресирање на проблемите со кои се соочува балканскиот регион поради климатските промени. Исто така, претставници на иницијативата за проширување на Go Green во Хрватска се приклучија на настанот, па истовремено се одржаа и стратешки состаноци за развој на меѓународна младинска мрежа за заштита на животната средина.

## Tetova Sot - *Paris, drejt marrëveshjes klimatike*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Paris, drejt marrëveshjes klimatike



06/12/2015

Zyrtarë nga 195 vende që po marrin pjesë në Konferencën e OKB-së mbi Ndryshimet Klimatike në Paris janë duke përparuar drejt arritjes së një marrëveshjeje, pas miratimit të një projekt-marrëveshjeje dje.

Dje zyrtarët uronin njëri tjetrin pas njoftimit për arritjen e një projekt-marrëveshjeje, që u bë e mundur pas katër vjet negociatash.

Marrëveshja ka për qëllim t'u ofrojë vendeve mundësitë për të pakësuar çlirimin e gazeve të efektit serrë që ndikojnë në ndryshimin e klimës.

*"Sigurisht që ka mosmarrëveshje në formulimin e pjesëve të marrëveshjes, por në fund të kësaj konference ne duhet t'i japim një përgjigje pyetjes së tretë dhe të fundit dhe të themi: po ne do të ndryshojmë"*, tha ish-nënpresident amerikan, Al Gore.

Kritikët thonë se shumë çështje të pazgjidhura pritet të trajtohen para mbarimit të konferencës të premten, duke përfshirë edhe çështjen se kush duhet ta mbajë barrën financiare për politikat e reja.

Por disa vëzhguesë sugjerojnë se çështja financiare nuk do të ketë rëndësi, nëse zyrtarët nuk përfitojnë nga mundësia për arritjen e një marrëveshjeje.

*"Diçka do të ndodhë këtu dhe unë mendoj se të gjithë e kuptojnë se në qoftë se nuk arrihet një marrëveshje në përfundim të kësaj konference, ne mund të mos kemi një tjetër shans për arritjen e një marrëveshjeje"*,thotë aktori dhe aktivisti Robert Redford

Shkencëtarët kanë paralajmëruar se ndërkohë që Toka vazhdon të ngrohet, planeti do të bëhet gjithnjë e më i rrezikshëm për jetën e njeriut, duke patur rritje të nivelit të detit, stuhi shkatërruese dhe thatësira të mëdha.

## Пулс24 - [Во Преспа реализирани уште два проекти од програмата за заштита на Преспанското езеро]

Puls 24

### Во Преспа реализирани уште два проекти од програмата за заштита на Преспанското езеро

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ СЛЕДНА ВЕСТ ›

**Со денешното ставање во употреба на двата еко-паркови во преспанските села Јанковец и Штрбово, во Преспа, продолжува да се реализира Програмата за десет мали инфраструктурни проекти од областа на заштитата на животната средина и водите, како дел од Мега-проектот за заштита на Преспанското Езеро, вреден 200 илјади американски долари.**



Во рамките на овој заеднички Проект на: УНДП, на Швајцарската развојна агенција и на општина Ресен, досега во Преспа, обновени се и рехабилитирани водоводно-канализационите системи во повеќе населени места со што се намалија влијанијата од отпадните води и цврстиот отпад врз еко-системите,

земјоделското производство и индустријата, што пак предизвикуваше деградација на Преспанското Езеро.

Проектот за заштита на Преспанското Езеро започна да се реализира во 2012 година и ќе трае до 2016. Во неговата реализација е вклучено и локалното население, со цел заштита на уникатните природни вредности на Преспа.



## Утрински - [Загадувањето урива рекорди]

Утрински весник

### ЗАГАДУВАЊЕТО УРИВА РЕКОРДИ



**Концентрациите на честички ситна прашина ПМ-10 во Тетово вчера беа 12 пати над максималното дозволената граница, а во Скопје „само“ 10 пати повисоки**

**Билјана Ангеловска**

Викендов имаше рекордно загадување во цела Македонија. „Мирното“ време, без ветер и дожд, и дозволи на маглата да се спушти врз котлините и се измеша со отровните честички ситна прашина и го „згусна“ воздухот до тој степен што беше речиси невозможно да се разликува што е магла, а што прашина. Но, граѓаните лесно можеа да го почувствуваат загадувањето, се дишеше тешко и печеше во очите и во грлото.

Денеска беше забележано многу високо загадување во Тетово, Скопје, во Битола. Концентрацијата на честичките прашина ПМ-10 беше 12 пати над максимално дозволената граница во Тетово, а во Скопје, загадувањето беше „само“ 10 пати поголемо од дозволеното. Граѓанското здружение „За нас се работи“ од Битола денеска испорача платформа „Петка за Битола“ која содржи пет итни мерки за намалување на загадувањето во градот, со што ќе се намали бројот на заболувања кои се последица на загадениот воздух. Од

тетовското граѓанско движење „Еко-герила", пак, тврдат дека во последниве три години заболувањата од рак на белите дробови во Тетово се зголемени дури за 80 отсто.

И додека граѓаните сами се снаоѓаат како што знаат и умеат, најголемите политички партии во државата го искористија загадениот воздух за повторно да се докажуваат кој повеќе мисли и се грижи за здравјето на населението. Опозицискиот СДСМ ја обвини Владата дека се расфрла со пари за споменици и за реклами, додека граѓаните дишат отров наместо воздух. „Мерните станици постојано покажуваат огромна загаденост на воздухот. Според официјалните податоци загадувањето во Скопје е речиси 10 пати над дозволеното. Во Битола и Тетово честичките ПМ-10 се фрапантни 12 пати над дозволеното, а во Кичево 5 пати повисоки. Груевски потроши 630 милиони евра за споменици во Скопје, додека граѓаните се задушуваат во нечист воздух. Неговите политики го уништуваат здравјето на граѓаните", обвинија од СДСМ.

Од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, пак, одговорија дека тие презеле многу мерки за подобрување на состојбите со загадениот воздух, за разлика од опозицијата која не сторила ништо додека била на власт. „СДСМ упорно бега од одговор на прашањето каде беа мерните станици за загадување на воздухот од нивно време? СДСМ треба на јавноста да ~ одговори зошто не може да се направат споредби со периодот пред 2006 година за ефектите од мерките што се преземаат. Дали СДСМ може да наброи еден проект на Љубомир Јанев и Зоран Шапуриќ кои служеа како нивни министри за животна средина? Граѓаните не паметат, бидејќи такви проекти немаше", велат од ВМРО-ДПМНЕ.

И додека во Македонија се води политичка полемика околу воздухот, Европската еколошка агенција (ЕУА) во Копенхаген го објави најновиот извештај по повод Климатската конференција во Париз, во кој се проценува дека на загадениот воздух треба да се припише предвремена смрт на 430.000 луѓе годишно во Европа. Според ЕУА, загадувањето на воздухот претставува најголем поединечен еколошки условен здравствен ризик. Поради нечистиот воздух се скратува животниот век на луѓето, а придонесува и за појава на сериозни болести.

„Загадувањето на воздухот и натаму влијае врз општата здравствена состојба на Европејците, го намалува нивниот животен квалитет и го скратува животниот век", вели извршниот директор на ЕУА, Ханс Брунинкс и

потенцира дека загадениот воздух доведува и до значителни економски последици, до растечки трошоци за медицинска заштита, а поради загубените работни денови и до редуцирана продуктивност на целокупното стопанство.

Извештајот за квалитетот на воздухот во Европа се објавува секоја година, а ја опфаќа концентрацијата на различни штетни материи во воздухот и со тоа поврзаната оптовареност во одделни земји од ЕУ. Податоците се добиваат од мерните станици низ цела Европа. Меѓу штетните материи во воздухот ситната прашина е главниот извор на болести и предизвикувач на предвремена смрт во Европа. Според проценките на експертите, поради долготрајното оптоварување со фина прашина во Европа во 2012 година, предвремено умреле 423.000 луѓе, а нејзина последица е и скратување на животниот век на секој граѓанин на ЕУ во просек за 38 дена.

Заради заштита на населението, експертите во извештајот на ЕУА советуваат придржување кон стандардите за квалитетот на воздухот препорачани од Светската здравствена организација. Според нив, концентрацијата на ситна прашина во 28-те членки на ЕУ во просек треба да биде намалена за една третина. „Споредено со актуелната ситуација, на тој начин би било можно избегнување на смртта на 144.000 граѓани“, се вели во студијата.

## Либертас - *Европејците умираат предвремено поради загаден воздух – Тетово денеска најзагаден град во Европа*

ЛИБЕРТАС

# Европејците умираат предвремено поради загаден воздух – Тетово денеска најзагаден град во Европа

6.12.15 11:12
Прочитано : 356

Агенцијата на ЕУ за екологија тврди: квалитетот на воздухот во Европа е многу лош и претставува здравствен ризик – како последица секоја година предвремено умираат над 400.000 луѓе, пишува Дојче веле.




Загадувањето на воздухот, според информациите на Европската еколошка агенција, ЕУА, претставува „најголем поединечен еколошки условен здравствен ризик.“ Поради нечистиот воздух, се вели натаму, се скратува животниот век на луѓето, а освен тоа тој потпомага појава на сериозни болести како срцеви и проблеми со дишните патишта, како и рак.

Во новиот извештај, кој ЕУА го објави во Копенхаген по повод Климатската конференција во Париз, се проценува оти во Европа на загадувањето на воздухот треба да се припише предвремена смрт

на 430.000 луѓе годишно.

„Загадувањето на воздухот и натаму влијае врз општата здравствена состојба на Европејците, го намалува нивниот животен квалитет и го скратува животниот век“, изјави извршниот директор на ЕУА, Ханс Брунинкс. „Освен тоа, загадениот воздух доведува до значителни економски последици, до растечки трошоци за медицинска заштита и, поради загубените работни денови, до редуцирана продуктивност на целокупното стопанство.“

Извештајот за квалитетот на воздухот во Европа се објавува секоја година, а ја опфаќа концентрацијата на различни штетни материи во водухот и со тоа поврзаната оптовареност во одделни земји од ЕУ. Податоците се добиваат од мерните станици низ цела Европа.

**Луѓето во градовите се посебно засегнати**

Како што произлегува од извештајот, мнозинството жители на градовите се изложени на штетни материи во воздухот во опсег кој Светската здравствена организација го класифицира за опасен. Меѓу најпроблематичните штетни материи се вбројуваат ситната прашина, азотниот диоксид и озонот на мали височини.

Покрај влијанието врз здравјето на луѓето, штетните материи во воздухот предизвикуваат и огромни штети врз растителниот свет и екосистемите. Тие на пример го помагаат буењето на алги во водите и ги оштетуваат растенијата.

Утрово Тетово е втор на најзагаден град во светот, според листата на Нумбео. Пред него е само Каиро, во Египет. Со тоа, секако, и денеска е најзагаден во Европа

www.numbeo.com/pollution/rankings_current.jsp

| Rank | City | Pollution Index | Exp Pollution Index |
|---|---|---|---|
| 1 | Cairo, Egypt | 98.66 | 180.31 |
| 2 | Tetovo, Macedonia | 98.62 | 180.52 |
| 3 | Accra, Ghana | 97.30 | 175.91 |
| 4 | Noida, India | 96.58 | 177.90 |
| 5 | Kathmandu, Nepal | 96.33 | 175.04 |
| 6 | Manila, Philippines | 95.61 | 173.65 |
| 7 | Ho Chi Minh City, Vietnam | 94.34 | 170.55 |
| 8 | Alexandria, Egypt | 94.29 | 170.11 |
| 9 | Guangzhou, China | 94.14 | 174.22 |
| 10 | Xi'an, China | 93.67 | 171.63 |




Chart: Pollution Index

Select Region: Eastern Europe | Northern Europe | Southern Europe | Western Europe

Search:

| Rank | City | Pollution Index | Exp Pollution Index |
|---|---|---|---|
| 1 | Tetovo, Macedonia | 98.62 | 180.52 |
| 2 | Monaco, Monaco | 86.45 | 155.06 |
| 3 | Turin, Italy | 80.23 | 148.73 |
| 4 | Skopje, Macedonia | 79.35 | 151.60 |
| 5 | Kiev, Ukraine | 76.66 | 137.27 |
| 6 | Tirana, Albania | 75.20 | 132.04 |
| 7 | Rome, Italy | 72.42 | 134.51 |
| 8 | Bucharest, Romania | 72.27 | 127.71 |